# МЕЃУ ПРЕДИЗВИЦИТЕ И РЕШЕНИЈАТА

Водич за интегритет на медиумите во Северна Македонија

Автор: д-р Марина Тунева



# МЕЃУ ПРЕДИЗВИЦИТЕ И РЕШЕНИЈАТА

## Водич за интегритет на медиумите во Северна Македонија

**Автор: д-р Марина Тунева**

# СОДРЖИНА


**5 Вовед**

**7 Методологија**

**9 Медиумски интегритет: влијанија и предизвици**

10 Интересите на политиката и бизнисот влијаат врз медиумскиот интегритет

11 Ризици од државното и политичкото рекламирање

16 Предлог за поголема одржливост на медиумскиот сектор: фонд за развој на медиуми

19 Социо-економските бариери го поткопуваат медиумскиот интегритет во Северна Македонија

21 Онлајн медиумите и отуството на соодветни регулаторни мерки

23 (Не)професионализам во редакциите и улогата на медиумската саморегулација

26 Родовата еднаквост во медиумите – напредок и предизвици

**29 Наоди од интервјуата и фокус – групата – предизвици, празнини и можности за подобрување на медиумскиот интегритет**

29 Медиумски интегритет – што подразбира тоа?

31 Медиумскиот интегритет во државата е силно погоден

33 Расчленување на предизвиците во однос на интегритетот во медиумите

36 Онлајн медиумите во транзиција: регулаторни предизвици и градење на интегритетот

37 Улогата на медиумите во поттикнувањето на инклузијата и застапеноста во Северна Македонија

38 Улогата на медиумите во борбата против корупцијата: предизвици и одговорности

**41 Заклучоци**

**43 Патот кон медиумскиот интегритет - препораки**

44 Унапредување на медиумскиот интегритет: иницијативи за независност и усогласеност со европските стандарди

45 Етички, образовни и структурни реформи за одговорно новинарство

46 Подобрување на социо-економските услови и правната рамка

**49 БИБЛИОГРАФИЈА**

# Вовед

Медиумскиот сектор во Република Северна Македонија продолжува да се соочува со предизвиците на дигиталната транзиција и променливиот политички амбиент. Овие случувања критички влијаат на медиумскиот интегритет, кој Медиумската опсерваторија на Југоисточна Европа[1], го дефинира како испреплетеност на влијанието на политиките, структурите и практиките кои им овозможуваат на медиумите ефективно да му служат на јавниот интерес и да ги поддржуваат демократските принципи.

Составен дел на интегритетот на медиумите се неколку аспекти кои особено вклучуваат:

- Посветеност на непристрасно известување и избегнување на влијание од центрите на моќ;
- Транспарентност во работењето и интересите, вклучително и јасно откривање на изложеноста или зависноста од конкретни приватни или владини интереси;
- Почитување на етичките и професионалните стандарди;
- Одговорност и отвореност кон граѓаните.[2]

1 Petkovic, B. (2014). Media Integrity Matters - Reclaiming Public Service Values in Media and Journalism. Peace Institute Ljubljana. Достапно на: https://seenpm.org/media-integrity-matters-book-of-the-see-media-observatory/ Пристапено на 11.10.2023.

2 Ibid

За да се подготви овој Водич, најпрво, беше спроведено темелно и методолошки издржано истражување, фокусирано на клучните аспекти на медиумскиот интегритет во Северна Македонија. Покрај анализата на перспективите и ставовите на клучните засегнати страни, беа анализирани и различни извештаи и документи со цел да се утврди состојбата околу различните аспекти на медиумскиот интегритет. Целта на овој пристап беше, најпрво, да се утврдат и да се разберат доминантните влијанија врз медиумските практики, а потоа да се извлечат релевантни и ефективни препораки за зајакнување на медиумскиот интегритет во земјата.

Значењето на овој документ лежи во неговиот потенцијал да послужи како ресурс за креаторите на политиките, медиумските професионалци и јавноста со увид во однос на неопходните стратегиски чекори за негување медиумска средина што се залага за интегритет и демократски вредности. Со оглед на променливата природа на медиумскиот амбиент, документот е креиран на начин што овозможува негово надополнување и соодветно приспособување како резултат на идни истражувања во оваа област.

Потребата од градење доверба во медиумите е нагласена и во Извештајот на Европската комисија за напредокот на државата за 2022 година[3], кадешто се укажува на неопходноста од подобрување на новинарските стандарди и транспарентноста на медиумите. Во извештајот од 2023 година се укажува на потребата од поголема транспарентност во однос на рекламирањето на државните институции и политичките партии во медиумите[4].

3 European Union, 2022. North Macedonia Report 2022. Достапно на: https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/document/download/48ba61f0-41ae-4cff-9517-29fac190f4bd_en?filename=North%20Macedonia%20Report%202022.pdf Пристапено на 18.10.2023

4 European Commission, 2023. North Macedonia 2023 Report. Достапно на: https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2023-11/SWD_2023_693%20North%20Macedonia%20report.pdf Пристапено на 04.11.2023.

# Методологија

За да се изработи овој документ беше користена квалитативна истражувачка методологија, која опфаќа длабински полуструктурирани интервјуа и дискусија во рамки на фокус - група. Во периодот октомври – ноември 2023 година, реализирани се 27 длабински полуструктурирани интервјуа со различни засегнати страни, вклучувајќи претставници на медиумски и новинарски организации и здруженија, медиумски експерти, претставници на граѓански организации коишто работат на афирмација на човековите права и регулаторни тела. Учесниците беа избрани врз основа на нивната вклученост и познавање на медиумскиот сектор во државата.

Дополнително се одржа и фокус - група со локалните координатори на Здружението на новинари коишто претставуваат различни региони во државата, за да се соберат поразновидни сознанија.

Во рамки на овој процес беше опфатена и секундарна анализа на постоечките документи и извештаи, внимателно избрани во однос на нивната релевантност за интегритетот на медиумите. Целта беше да се надополнат примарните податоци со пошироки перспективи за состојбата и предизвиците околу медиумскиот интегритет во државата.

Врз основа на поставената цел за проценка на медиумскиот интегритет, истражувачките прашања се следниве:

- Колку медиумите се ослободени од надворешни влијанија, вклучувајќи и притисоци од политичките и бизнис центрите на моќ?
- Кои се забележаните предизвици и ограничувања во одржувањето на медиумскиот интегритет?
- Каква улога играат медиумите во државата во борбата против корупцијата и колку ефикасно се интегрираат овие заложби во нивното функционирање?
- Во контекст на растечкото влијание на онлајн медиумите, какви промени се неопходни во медиумскиот амбиент за да се заштити интегритетот на медиумите?

ОВОЈ ПРИСТАП ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ГИ ИСТАКНЕ КРИТИЧНИТЕ ОБЛАСТИ ЗА ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО ГРАДЕЊЕТО И ОДРЖУВАЊЕТО НА МЕДИУМСКИОТ ИНТЕГРИТЕТ ВО ЗЕМЈАТА.



# Медиумски интегритет: **влијанија и предизвици**

Овој дел навлегува во клучните предизвици околу медиумскиот интегритет, како резултат на сеопфатна анализа на различни релевантни документи и извештаи. Меѓу другото, тие ги вклучуваат извештаите на Европската комисија за напредокот на државата, препораките на Советот на Европа, оценките на Фридом Хаус и извештаите на Репортери без граници. Сознанијата од оваа анализа обезбедуваат основно разбирање за системските и структурните предизвици со кои се соочува медиумскиот сектор. Добиените наоди ќе бидат надополнети и контекстуализирани со последователната анализа на резултатите од интервјуата, со што ќе се овозможи подетално разбирање на предизвиците во однос на медиумскиот интегритет и нивните импликации во реалноста на работата на медиумите.

## Интересите на политиката и бизнисот влијаат врз медиумскиот интегритет

Во 2022 година, државата започна со процесот на реформи во медиумскиот сектор, насочени кон усогласување со Директивата на ЕУ за аудиовизуелни медиумски услуги и пошироките стандарди на ЕУ и Советот на Европа. Сепак, и покрај забележителните подобрувања во слободата на медиумите од 2017 година, секторот останува под силно влијание на политиката и бизнисот, што влијае на неговата независност и слободата на изразување[5].

Во Мониторот на медиумскиот плурализам (МПМ) од 2023 година[6] се нагласува итната потреба за укинување на клиентелизмот, кој ја попречува независноста на медиумите. Освен тоа, МПМ го насочува вниманието кон клучната улога на антикорупциските мерки во истражување на поврзаноста меѓу политичките субјекти и сопственоста на медиумите. Оваа поврзаност е клучна во разбирањето на капацитетот на медиумите самостојно да му служат на јавниот интерес.

Анализата на Фондацијата Метаморфозис[7] открива загрижувачки тренд според кој спрегата меѓу политиката и медиумите значително придонесува за ширење дезинформации, засенувајќи ја улогата на медиумите како чувар на јавниот интерес. Медиумите со слични идеолошко-политички ориентации објавуваат информации и дезинформации на координиран начин, а

5 Freedom House, 2023. North Macedonia: Nations in Transit 2023. [online] Достапно на: https://bit.ly/3GGzuGM
Пристапено на 17.10.2023.

6 Centre for Media Pluralism and Media Freedom, 2023. Media Pluralism Monitor 2023. [online] European University Institute. Достапно на: https://cmpf.eui.eu/media-pluralism-monitor-2023/
Пристапено на 01.11.2023

7 Stojanovski, F. (ed.) 2022. Research: The Effects of Disinformation and Foreign Influences on the Democratic Processes in North Macedonia. Skopje: Metamorphosis Foundation. Достапно на: https://metamorphosis.org.mk/wp-content/themes/metamorphosis/download.php?id=34783 Пристапено на 14.10.2023

ваквата практика дополнително ја усложнува борбата против дезинформациите и ги нагласува проблемите во одржувањето на урамнотежен јавен дискурс[8].

## Ризици од државното и политичкото рекламирање

Влијанието на државното и политичкото рекламирање врз медиумскиот сектор во државата е предмет на опсежна јавна дебата и анализи. Додека општата слобода на медиумите забележа подобрувања, влијанието на политичките и деловните интереси продолжува, честопати замаглувајќи ги границите меѓу независното новинарство и агендите на центрите на моќ. Експертската заедница и граѓанскиот сектор постојано ја нагласуваат потребата од воспоставување строги и јасни правила за политичкото рекламирање во законската регулатива, а особено за државното рекламирање бидејќи тоа сериозно ја загрозува независната позиција на медиумите[9].

Реформите од 2017 година, со цел да се укине државното рекламирање во медиумите, означија значителна промена во медиумската политика. Одлуката за укинување на овој вид рекламирање[10] беше донесена набргу по доаѓањето на новата политичка гарнитура на власт во 2017 година. Во минатото, државното рекламирање, според проценките, беше една од најмоќните алатки што се користеа за контрола на медиумите. Со тоа власта си ја купуваше наклонетоста на

8 Nehring, C. (ed.) 2023. Blurring the Truth: Disinformation in South East Europe. [online] Достапно на: https://www.kas.de/documents/281902/281951/E-book+Blurring+the+Truth.pdf/fd6abbb3-f49e-115b-090e-7c9f3a20dfc6?version=1.2&t=1680504776349 Пристапено на 02.11.2023

9 S. Trpevska & I. Micevski, Media Sector Hotspots in North Macedonia: Decisive Reforms Long Overdue, ASPEN Institute Germany, December 2021, p.32. Available at: https://www.aspeninstitute.de/wp-content/uploads/2021_Aspen-Germany_Media-Freedom-in-the-Western-Balkans.pdf

10 Информацијата е достапна на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија. https://vlada.mk/node/13272

медиумите, кои ги користеше како платформи за агресивен пласман на својата политичка пропаганда[11]. Беа издвојувани значителни средства за континуирани кампањи на различни општествени и политички теми.

Сепак, и покрај укинувањето на државното рекламирање, со дополнителни измени на Изборниот законик усвоени во 2018 година, политичките партии воведоа поинаков механизам што ги прави приватните медиуми зависни од центрите на политичка моќ[12]. Во согласност со член 76д од Изборниот законик[13], за време на изборна кампања рекламирањето на политичките партии во медиумите се покрива со средства од државниот буџет.

Неколку години по укинувањето на државното рекламирање, се случи друг пресврт. Актуелната Влада предложи повторно воведување на државното рекламирање, односно измена на член 102 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. За Македонската медиумска асоцијација на националните терестријални телевизии (ММА) ваквата иницијатива на Владата е сосема оправдана[14]. Оваа голема промена на политиката беше оправдана и од страна на Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА),

11 Настоски, Ж. 2023. Државните реклами во медиумите носат директна и непоправлива штета. Samoprasaj.mk. [online] Достапно на: https://samoprasaj.mk/naacik/drzavnite-reklami-vo-mediumite-nosat-direktna-i-nepopravliva-steta/ Пристапено на 24.11.202.

12 Trpevska, S. and Micevski, I., 2021. Media Sector Hotspots in North Macedonia: Decisive Reforms Long Overdue. In: Aspen Institute Germany. December 2021, p.32. Достапно на: https://www.aspeninstitute.de/wp-content/uploads/2021_Aspen-Germany_Media-Freedom-in-the-Western-Balkans.pdf Пристапено на 21.10.2023.

13 Законот е достапен на: https://dzr.mk/sites/default/files/2021-10/Izboren_zakonik_precisten_tekst_0.pdf

14 Александар Атанасов, 2021. ММА: Владата да подготви предлог измена на членот 102 од Законот за медиуми и да го достави до Собранието. Медиумска информативна агенција. [online] http://bit.ly/41eidhE Пристапено на 02.11.2023

сметајќи дека на тој начин се обезбедува витален економски спас за медиумите кои се борат во време на неизвесност[15].

Но, овој потег наиде на силна осуда од новинарските и медиумските здруженија, како и од експертската заедница[16]. Ова, според нив, ги претвора приватните медиуми во партиско-идеолошки институции, кои на крајот го бранат комерцијалниот интерес на сопствениците на сметка на јавниот интерес[17]. Имајќи го предвид ризикот од компромитирање на уредувачката независност, новинарските и медиумските здруженија понудија друго решение, односно користење на државните средства за зајакнување на медиумскиот плурализам и подобрување на квалитетот на новинарството. „Нашиот став е дека државните пари може да се користат во медиумите, но за квалитетни медиумски производи, за фонд за медиумски плурализам, кој ќе го подигне квалитетот на новинарството и на медиумите во целина. Ова не е случај со предложениот закон“[18].

Во однос на потребата од решавање на загриженоста околу државното политичко рекламирање во согласност со најдобрите европски практики, особено релевантни се принципите наведени во Европскиот акт за слобода на медиумите[19]. Во него

15 International Press Institute, 2023. Policy Paper: Support for Public Interest Journalism in North Macedonia. Достапно на: https://ipi.media/policy-paper-support-for-public-interest-journalism-in-north-macedonia/ Пристапено на 15.10.2023

16 ЗНМ, заедно со ССНМ, СЕММ, ЦРМ, МИМ, ИКС и РЕСИС предупредија дека враќањето на државните реклами во медиумите може да влијае на уредувачката политика, како што беше случај и во минатото.

17 Trpevska, S. and Micevski, I., 2021. Media Sector Hotspots in North Macedonia: Decisive Reforms Long Overdue. In: Aspen Institute Germany. December 2021, p.32. Достапно на: https://www.aspeninstitute.de/wp-content/uploads/2021_Aspen-Germany_Media-Freedom-in-the-Western-Balkans.pdf Пристапено на 21.10.2023.

18 Стојанчова, П., 2023. Сложни партии владини реклами враќаат. Радио Слободна Европа, 16 ноември 2023. Достапно на: https://bit.ly/3uPjOhC Пристапено на 08.10.2023.

19 European Parliament, 2023. European Media Freedom Act. Достапно на: https://www.europarl.europa.eu/doceo/document/TA-9-2023-0336_EN.pdf Пристапено на 02.11.2023.

се истакнува критичната потреба од транспарентни и непристрасни критериуми при распределбата на средствата на медиумите усогласени со европските стандарди. Да потсетиме дека истото е содржано и во т.н. Итни реформски приоритети на експертската група од Рајнхард Прибе[20] усогласени во 2015 година. Во Националната стратегија за спречување корупција, во која што се наведени приоритетните проблеми кои генерираат висок ризик од корупција, се укажува дека во функција на унапредување на состојбите во сферата на медиумите и спречување на злоупотреби за политички цели, потребно е воведување на зајакнат надзор и укинување на платеното политичко рекламирање на партиите во изборните циклуси[21].

Околу предложените законски измени за државното рекламирање реагира и Здружението на онлајн медиуми (Onlinemedia.mk), според кое со нив се нуди селективна финансиска поддршка за традиционалните медиуми, што се смета за неправично кон интернет медиумите. Според Здружението, секоја распределба на јавни средства за медиумите треба да биде рационална, инклузивна, недискриминаторна, одржлива и првенствено насочена кон поддршка на новинарите и медиумските работници, а не кон сопствениците на медиумите[22].

20 European Commission (Европска комисија), 2015. Итни реформски приоритети за поранешната југословенска Република Македонија (Urgent Reform Priorities for the Former Yugoslav Republic of Macedonia). Достапно на: https://eeas.europa.eu/sites/eeas/files/urgent_reform_priorities_mk.pdf Пристапено на 18.11.2023

21 Државна комисија за спречување на корупцијата, 2021. Национална стратегија на Државната комисија за спречување на корупцијата. Достапно на: https://dksk.mk/wp-content/uploads/2021/01/Nacionalna-strategija-DKSK-KONECNA.pdf Пристапено на 14.11.2023.

22 A1On, 2023. Здружение Онлајмедиа: Да се укине ограничувањето за изборно финансирање на интернет порталите. 9 ноември 2023. Достапно на: https://bit.ly/3No9Wls Пристапено на 17.11.2023.

Сепак, за разлика од дебатата околу државното рекламирање на радиодифузните медиуми, Владата има поинаков пристап кон печатените медиуми. За да се реши финансискиот притисок предизвикан од забраната за рекламирање, во 2018 година беше воведена програма за субвенционирање на трошоците за печатење весници. Оваа иницијатива, различна од државното рекламирање и вообичаена во многу земји, претставува форма на државна поддршка што произлезе од лобирањето од страна на индустријата за печатени медиуми. Мониторот на медиумскиот плурализам (МПМ) во извештајот за 2022 година ризикот од ова финансирање го опишува како минимален во однос на потенцијално мешање во уредувачката политика[23].

До финализирањето на овој извештај, законодавството сè уште е непроменето, но предлог – законот со кој би се отстранила забраната за владино рекламирање во приватните медиуми е во собраниска процедура.

Во  фокусот на тековните дискусии останува прашањето како да се направи рамнотежа меѓу обезбедувањето неопходна поддршка за медиумите и зачувувањето на нивната независност од политички влијанија.

23 Centre for Media Pluralism and Media Freedom, 2023. Media Pluralism Monitor 2023. [online] European University Institute. Достапно на: https://cmpf.eui.eu/media-pluralism-monitor-2023/ Пристапено на 01.11.2023



## Предлог за поголема одржливост на медиумскиот сектор: фонд за развој на медиуми

Креирањето фонд за развој на медиуми е тема за која подолго време се дискутира во државата, особено меѓу клучните новинарски здруженија. Овој предлог се смета за механизам за поттикнување разнолико, висококвалитетно новинарство кое ќе му служи на јавниот интерес. Моделот на фондот предвидува систем каде што различни медиумски сектори, вклучувајќи непрофитни, приватни, радиодифузни, печатени и онлајн медиуми, ќе можат да бараат финансиска поддршка за новинарски проекти. Целта е да се зајакне индустријата и истовремено да се осигури дека произведената содржина ќе биде од јавен интерес и од која што ќе има корист целото општеството, вклучувајќи ги и немнозинските заедници[24].

24 International Press Institute, 2023. Policy Paper: Support for Public Interest Journalism in North Macedonia. [online] Достапно на: https://bit.ly/3GKYSeg Пристапено на 15.10.2023

Во документот за јавна политика изработен од Меѓународниот институт за печат (IPI), како дел од извештајот објавен по меѓународната мисија за проценка на состојбата на медиумската слобода во Северна Македонија[25], се препорачуваат решенија со кои се поддржува економскиот развој на медиумите, притоа давајќи приоритет на новинарството од јавен интерес. Овие препораки се залагаат за фонд за медиумски плурализам кој би бил координиран од независно тело. Телото, составено од релевантни медиумски експерти, вклучувајќи засегнати страни од медиумски здруженија, невладини организации, академската заедница и културни организации, би ги оценувало проектните апликации и би одлучувало за распределбата на проектните средства.[26]

25 Здружение на новинари на Македонија, 2023. Fact-Finding PFM Report. Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2023/10/EN-Fact-Finding-PFM-Report-251023-web.pdf Пристапено на 18.11.2023.

26 Ibid.

Во Резолуцијата 1636 (2008)[27] од Парламентарното собрание на Советот на Европа, државите се повикуваат да преземат чекори за поттикнување на медиумскиот плурализам, нагласувајќи дека за слободата на медиумите во една демократија потребни се фер и неутрални државни субвенции за медиумите.
И во Препораката бр. R (99) на Комитетот на министри се поттикнува можност за воведување директни или индиректни шеми за финансиска поддршка за печатени и радиодифузни медиуми, особено на регионално и на локално ниво, како и разгледување на можноста за субвенции за медиумските субјекти што печатат или емитуваат на некој од јазиците на малцинствата[28].

27 Parliamentary Assembly of the Council of Europe, 2008. Resolution 1636 (2008) [online] Достапно на: https://assembly.coe.int/nw/xml/xref/xref-xml2html-en.asp?fileid=17684&lang=en

28 Committee of Ministers of the Council of Europe, 1999. Recommendation No. R (99) 1 on Measures to Promote Media Pluralism. [online] Достапно на: https://rm.coe.int/16804fa377 Пристапено на 01.11.2023.

Паралелно се одвиваат и дискусиите околу потребата за стабилно финансирање на јавниот радиодифузен сервис. Во Извештајот на ЕУ за напредокот на државата, исто така, се нагласува критичната потреба за доследно и соодветно финансирање на јавниот радиодифузен сервис, препознавајќи го како камен-темелник за медиумската одржливост и интегритет во земјата. И покрај Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од 2021 година, во 2022 година, властите уште еднаш ги искористија дискреционите овластувања дадени со закон за да го намалат финансирањето на радиодифузниот сектор. Според Извештајот на ЕК[29], буџетските флуктуации создаваат несигурност во планирањето. Властите треба да обезбедат доволно и стабилно финансирање за јавниот радиодифузен сервис.

29 European Commission, 2023. North Macedonia 2023 Report. Достапно на: https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2023-11/SWD_2023_693%20North%20Macedonia%20report.pdf Пристапено на 04.11.2023.

Во исто време, се нагласува и важноста од поддршка на медиумите на заедницата, како алтернативен поттик на локалната плуралистичка демократија. Искуствата од другите земји покажуваат дека медиумите на заедницата придонесуваат за разноликоста на целиот медиумски пејсаж, но и за поттикнувањето на активното граѓанство и плуралистичката демократија, особено на локално ниво[30]. Овие медиуми не се препознаени во политиките и во легислативата, па поради тоа немаат ниту системска ниту финансиска поддршка од државата. На поддршка на овој тип медиуми упатуваат и препораките на Советот на Европа[31] и УНЕСКО[32].

30 РЕСИС, 2023. Медиумите на заедницата – алтернативен поттик на локалната плуралистичка демократија. Достапно на: https://resis.mk/images/abut-us/PDF/001com_media_policy_brief.pdf Пристапено на 12.11.2023

31 Committee of Ministers of the Council of Europe, 2018. Recommendation CM/Rec(2018)1 on Media Pluralism and Transparency of Media Ownership. [online] Достапно на: https://bit.ly/3RnTEtY Пристапено на 01.12.2023

32 UNESCO, 2017. Providing Public Funding for Community Broadcasting.

## Социо-економските бариери го поткопуваат медиумскиот интегритет во Северна Македонија

Социо-економскиот статус на новинарите во државата директно влијае врз интегритетот на медиумите. Во јуни 2023 година, Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) организираше меѓународна мисија за утврдување на факти[33] за да ги истражи тековните предизвици во медиумскиот сектор. Наодите укажуваат дека многу новинари се соочуваат со лоши услови за работа, не само од аспект на несоодветни плати и неизвесен работен статус, туку и во однос на почитувањето на нивните работнички права[34]. Лошите услови за работа, кои се карактеризираат со ниски плати и несигурност во работата, не само што влијаат врз статусот на новинарите, туку и на нивната способност да работат самостојно и независно. Меѓу системските предизвици коишто е потребно да се адресираат, во извештајот на ЕК се посочуваат и работните услови за медиумските работници, особено нивните работнички и социјални права[35].

Покрај ова, според овогодинешниот Индекс за слобода на медиумите во светот[36], новинарите редовно

Community Media Sustainability Policy Series, 5. [online] Достапно на: https://bit.ly/47c085j Пристапено на 11.11.2023

33 Се состоеше од претставници на Европскиот центар за слобода на печатот и медиумите (ECPMF), Европската федерација на новинари (EFJ), Free Press Unlimited (FPU), Меѓународниот институт за медиуми (IPI) и Osservatorio Balcani e Caucaso Transeuropa (OBCT)

34 Здружение на новинарите на Македонија, 2023. Слободата на медиумите во Северна Македонија: напредок на стаклени нозе. Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2023/10/EN-Fact-Finding-PFM-Report-251023-web.pdf Пристапено на 05.11.2023

35 European Commission, 2023. North Macedonia 2023 Report. Достапно на: https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2023-11/SWD_2023_693%20North%20Macedonia%20report.pdf Пристапено на 04.11.2023.

36 Reporters Without Borders (RSF), North Macedonia. [online] Достапно на: https://rsf.org/en/country/north-macedonia Пристапено на 02.11.2023

се мета на вербални напади. Под изговор за заштита на државните тајни и личните податоци, тие може да бидат изложени на правен притисок и гонење (SLAPPs или стратешки тужби против учеството на јавноста). И во Извештајот за напредокот на ЕУ од минатата година се потенцира проблемот со неповолните работни услови. Сето тоа влијае врз квалитетот на работа на новинарите, а тие неретко одлучуваат да ја напуштат професијата.

Според Самостојниот синдикат на новинари на Македонија, факторите кои придонесуваат новинарите да размислуваат за напуштање на професијата се ниските плати, големиот притисок на работното место, очекувањата на редакцијата и публиката и желбата за алтернативна кариера, особено во односите со јавноста[37].

Овие социо-економски предизвици не само што ја намалуваат улогата на медиумите како чувар на јавниот интерес, туку и ја поткопуваат довербата на јавноста во новинарските содржини. За да се решат овие прашања, има потреба од цврсти законски рамки кои ќе ги штитат правата на новинарите, заедно со иницијативи за подобрување на нивните работни услови и плати. Ваквите мерки се од суштинско значење за зачувување на медиумскиот интегритет.

37 Самостоен синдикат на новинарите и медиумските работници (ССНМ), Зошто новинарите бегаат од професија. [online] Достапно на: https://bit.ly/3I5aZWW

## Онлајн медиумите и отуството на соодветни регулаторни мерки

Актот за слобода на медиумите[38] ја нагласува потребата од хармонизирани правила за заштита на независноста на сите видови медиуми – и онлајн и офлајн. Недостигот на транспарентност во сопственичките и финансиските структури е посебен проблем со онлајн медиумските платформи, при што некои од нив дури и имитираат постоечки медиуми за да шират лажни вести[39].

Оттука, во контекст на регулаторните предизвици со кои се соочува онлајн-медиумскиот сектор во Северна Македонија, Препораката на Европската комисија за внатрешни заштитни мерки за уредувачка независност и сопственичка транспарентност во медиумскиот сектор станува многу релевантна[40]. Оваа препорака, (ЕУ) 2022/1634, ги поттикнува земјите-членки да спроведат мерки кои промовираат медиумски плурализам и транспарентност во сопственоста на медиумите. Во неа се упатува на потребата од воспоставување сеопфатна база на податоци за сопственоштвото на интернет медиумите, во надлежност и управување на национален регулаторен орган. Оваа база на податоци ќе обезбеди детални, лесно достапни информации за сопственоста на медиумите, вклучувајќи ги регионалните и локалните медиуми, со што ќе се зајакне транспарентноста и пристапот на јавноста до податоците за сопственоста.

38 European Parliament, 2023. European Media Freedom Act. Достапно на: https://www.europarl.europa.eu/doceo/document/TA-9-2023-0336_EN.pdf Пристапено на 02.11.2023.

39 Trpevska, S. and Micevski, I., 2021. Media Sector Hotspots in North Macedonia: Decisive Reforms Long Overdue. In: Aspen Institute Germany. December 2021, p.32. Достапно на: https://www.aspeninstitute.de/wp-content/uploads/2021_Aspen-Germany_Media-Freedom-in-the-Western-Balkans.pdf Пристапено на 21.10.2023

40 European Union, 2022. Commission Recommendation of 14.9.2022 on the protection, safety and empowerment of journalists and other media professionals (2022/C 346/01). EUR-Lex. [online] Достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A32022H1634 Пристапено на 14.11.2023.

Сите медиуми ќе мора да бидат законски обврзани да објавуваат податоци за сопственичката структура и да ја гарантираат независноста на уредниците. „Ние, во нашите медиумски закони имаме вакви одредби, но ќе треба да ги допрецизираме, да ги дополниме и да важат и за онлајн медиумите кои во моментов не се предмет на законска регулација“[41].

Експанзијата на онлајн медиумите и масовното користење на социјалните мрежи го зголеми просторот за ширење на говор на омраза и дезинформации. Студијата „Политичка и економска основа на медиумските и на комуникациските модели што шират дезинформации и говор на омраза“[42] забележува дека дезинформациите во државата во текот на 2019-2020 година биле најприсутни во онлајн медиумите и социјалните мрежи. Тоа го потврдуваат и статистичките прегледи од работата на Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), според кои онлајн медиумите во последните неколку години се најчести прекршители на стандардите за професионално информирање[43].

Со цел да се воведе ред во сферата на онлајн новинарството, во 2019 година беше формиран Регистар на професионални онлајн медиуми, иницијатива на Здружението на новинари и Советот за етика во медиумите.

41 Василевска, М.  2023. Д-р Трпевска: Новиот акт на ЕУ треба да ги уреди и односите меѓу медиумите и дигиталните платформи и социјални мрежи кои си ја презедоа улогата на гејткипери, 18 февруари, 2023, достапно на: https://racin.mk/intervju/d-r-trpevska-noviot-akt-na-eu-treba-da-gi-uredi-i-odnosite-megu-mediumite-i-digitalnite-platformi-i-soczijalni-mrezhi-koi-si-ja-prezedoa-ulogata-na-gejtkiperi/

42 Никодиноска, В. 2020. Политичка и економска основа на медиумските и комуникациските модели што шират дезинформации и говор на омраза. Македонски институт за медиуми. Достапно на: https://bit.ly/3RB0TA5 Пристапено на 01.12.2023

43 Совет за етика во медиумите на Македонија, Комисија за жалби: статистички прегледи, достапно на: https://www.semm.mk/komisija-za-zhalbi/statistichki-pregledi Пристапено на 08.11.2023

Оваа иницијатива, според која медиумите коишто сакаат да членуваат во саморегулаторното тело треба да почитуваат одредени критериуми и правила[44] наиде на позитивен одзив и од Европската федерација на новинари[45].

Сепак, останува неминовна потребата од усогласување на законодавството со стандардите на ЕУ. Во извештајот на Европската комисија од скрининг процесот, објавен во јуни, се нагласува оваа итност, како и барањето за Северна Македонија да ги усогласи своите закони со правото на ЕУ за ефикасна борба против растечките закани од дезинформациите, особено од онлајн изворите[46].

## (Не)професионализам во редакциите и улогата на медиумската саморегулација

Почитувањето на професионалните стандарди во редакциите е од суштинско значење за зачувување на јавната доверба и медиумскиот интегритет. Извештаите на меѓународните организации укажуваат на значителни проблеми во овој поглед.

Извештајот на Фридом Хаус за 2022 година[47] прикажува

44 Совет за етика во медиумите, Правила за членство. Достапно на: https://www.semm.mk/chlenstvo/pravila-za-chlenstvo

45 European Federation of Journalists (EFJ), 2019. North Macedonia: EFJ welcomes initiative aiming to strengthen self-regulation. [online] 19 December 2019. Достапно на: https://europeanjournalists.org/blog/2019/12/19/north-macedonia-efj-welcomes-initiative-aiming-to-strengthen-self-regulation/ Пристапено на 15.11.2023.

46 European Commission, Directorate-General for Neighbourhood and Enlargement Negotiations, 2023. MK Cluster 1 Draft Screening Report. Достапно на: https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2023-07/MK%20Cluster_1%20Draft%20screening%20report_external%20version.pdf Пристапено на 17.11.2023.

47 Freedom House, 2022. North Macedonia: Freedom in the World 2022 Report. Достапно на: https://freedomhouse.org/country/north-macedonia/freedom-world/2022 Пристапено на 02.11.2023.

загрижувачка слика за медиумскиот амбиент во државата, за којшто се вели дека го карактеризираат широко распространети дезинформации и забележителен недостиг на професионализам. На ова се надоврзува и Светскиот индекс за слободата на медиумите од 2023 година[48]. И покрај тоа што во него државата е рангирана на 57мо место, со напредок од 33 места за разлика од 2021 година, сепак се укажува дека распространетоста на дезинформациите и недостигот на професионализам придонесуваат за опаѓање на довербата на општеството во медиумите, што ги изложува независните медиуми на закани и напади.

Од друга страна, пак, и покрај фактот што јавниот радиодифузен сервис покажува знаци на напредок кон функционална независност и професионализам, тој сè уште се бори со суштински предизвици. Тие вклучуваат

48 Reporters Without Borders (RSF), North Macedonia. Достапно на: https://rsf.org/en/country/north-macedonia Пристапено на 02.11.2023

постојани финансиски ограничувања, кадровски прашања итн.[49]

Честопати занемаруван, но сепак суштински аспект на медиумскиот плурализам е и пристапноста на различни општествени групи и локални заедници до медиумските платформи и јавната сфера во целина.[50]

Заради справување со овие предизвици, постои итна потреба да се зајакнат механизмите за саморегулација во редакциите, обезбедувајќи строго придржување до професионалните стандарди и етичките новинарски практики. Во оваа насока, улогата на Советот за етика во медиумите, тело за саморегулација

49 Здружение на новинарите на Македонија, 2023. Слободата на медиумите во Северна Македонија: напредок на стаклени нозе. Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2023/10/EN-Fact-Finding-PFM-Report-251023-web.pdf Пристапено на 05.11.2023

50 Esch, V. and Palm, V., 2021. Media Freedom in the Western Balkans. Aspen Institute Germany. Достапно на: https://www.aspeninstitute.de/wp-content/uploads/2021_Aspen-Germany_Media-Freedom-in-the-Western-Balkans.pdf Пристапено на 19.11.2023.

што обработува претставки поврзани со прекршувања на етичката рамка, станува клучна. Во 2022 година, значителен дел од одлуките на Советот (49,37%) се однесувале на прекршоци поврзани со точноста и проверката на информациите. Сепак, забележан е притисок врз работата на ова тело од политички, економски и медиумски субјекти[51].

Потребата од зајакнување на саморегулацијатасе нагласува и во Извештајот на ЕК за напредокот на државата[52]. Во таа насока, медиумските здруженија продолжија да го промовираат воспоставениот Регистар на професионални онлајн медиуми (promedia.mk) со цел да се зголеми професионализмот и стандардите во онлајн новинарството. Потребата од зајакнување на саморегулацијата во онлајн медиумите се нагласува и во Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси[53]. Во меѓувреме, Советот за етика во медиумите веќе подготви Насоки за етичко известување во онлајн медиумите[54]. Иако се поминати само две години од донесувањето на овој документ, експертите укажуваат на потребата од негово ажурирање. Комисијата за жалби при СЕММ укажува на повеќе предизвици поврзани, пред сѐ, со работата на онлајн медиумите, како, на пример, во однос на прашањето на одговорноста за текстовите и

51 European Commission, 2023. North Macedonia 2023 Report. Достапно на: https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2023-11/SWD_2023_693%20North%20Macedonia%20report.pdf Пристапено на 04.11.2023.

52 European Commission, 2022. North Macedonia Report 2022. [online] Достапно на: https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/document/download/48ba61f0-41ae-4cff-9517-29fac190f4bd_en?filename=North%20Macedonia%20Report%202022.pdf

53 Државна комисија за спречување на корупцијата, 2021. Национална стратегија на Државната комисија за спречување на корупцијата. Достапно на: https://dksk.mk/wp-content/uploads/2021/01/Nacionalna-strategija-DKSK-KONECNA.pdf Пристапено на 14.11.2023.

54 Совет за етика во медиумите, Насоки за етичко известување на онлајн медиумите. Достапно на: https://semm.mk/dokumenti/korisni-resursi/kodeks/850-nasoki-za-etichko-izvestuvanje-na-onlajn-mediumite Пристапено на 01.12.2023.

за коментарите на читателите на социјалните мрежи[55]. Советот на честа при ЗНМ е уште едно саморегулаторно тело, чија  улога е да се грижи и да го промовира професионалното и одговорно новинарство и да реагира кога новинарите го прекршуваат Кодексот. Генерално, во најголем дел од медиумите недостигаат внатрешни механизми за саморегулација во поединечните медиумски организации какви што се медиумски омбудсман или интерни кодекси на етичко однесување.[56]

## Родовата еднаквост во медиумите – напредок и предизвици

Родовата еднаквост во медиумите е од суштинско значење во однос на интегритетот на медиумите, што подразбира правична застапеност и третман на родот во содржината и практиките на медиумското работење. Тоа е во согласност и со заложбите на глобално ниво. Истанбулската конвенција ги охрабрува медиумите да воспостават упатства и саморегулирачки стандарди, со цел да се зајакне почитувањето на достоинството на жените и да придонесат кон превенција на насилството врз нив[57]. Овие стандарди треба да резултираат со воздржување од штетни родови стереотипи и од ширење деградирачка слика за жената. Притоа, важно е овие мерки да се преземат со должно почитување на основниот принцип врз којшто се заснова функционирањето на медиумите, а тоа е слободата на изразувањето, слободата на медиумите и слободата на

55 Тунева, М., Никодиноска, В., 2023. Неопходно зајакнување на механизмите и унапредување на ефикивноста: медиумска саморегулација во Северна Македонија. Македонски институт за медиуми

56 Ibid

57 Council of Europe. Council of Europe Convention on Preventing and Combating Violence Against Women and Domestic Violence (Istanbul Convention). Достапно на: https://www.coe.int/en/web/istanbul-convention/text-of-the-convention. Пристапено на 22.11.2023.

уметничкиот израз[58]. Родовата еднаквост како значаен показател на медиумскиот интегритет е од клучно значење и се усогласува со глобалните напори, како што е Стратегијата за родова еднаквост на УНДП 2022-2025 година[59].

Мониторот на медиумскиот плурализам (МПМ) за 2022 година укажува на среден ризик од 65% во однос на родовата еднаквост во медиумите во државата. Сепак, во приватните медиуми постои недоволна застапеност на жените во извршните улоги, со помалку од 18%, додека на уредничките позиции жените сочинуваат околу 39% во аудио-визуелниот сектор и 48% во радиото[60]. Дополнително, темите за родовата еднаквост и родовото насилство честопати се надвор од фокусот на медиумското известување[61].

Затоа, императив е да се зајакне родовата еднаквост во медиумскиот сектор, не само заради усогласување со меѓународните стандарди, туку и заради создавање медиумски амбиент кој автентично ја претставува и почитува различноста на општеството. Ова ги вклучува приватните телевизиски станици кои треба да ги усогласат своите програми и содржини со современите стандарди за родова еднаквост

58 Тунева, М. and Бошкова, Н., 2023. Етичко известување за родово – базираното насилство во Северна Македонија Res Publica. Достапно на: https://bit.ly/3uX9g00 Пристапено на 09.11.2023.

59 United Nations Development Programme (UNDP), 2022. The Gender Equality Strategy 2022-2025. Достапно на: https://bit.ly/47XgrnI Пристапено на 03.11.2023

60 Centre for Media Pluralism and Media Freedom, 2023. Media Pluralism Monitor 2023. [online] European University Institute. Достапно на: https://cmpf.eui.eu/media-pluralism-monitor-2023/ Пристапено на 01.11.2023

61 Тунева, М. and Бошкова, Н., 2023. Етичко известување за родово – базираното насилство во Северна Македонија Res Publica. Достапно на: https://respublica.edu.mk/wp-content/uploads/2023/10/etichko-izvestuvanje-za-rodovo-baziranoto-nasilstvo-mk-1.pdf Пристапено на 09.11.2023.

и непристрасно да известуваат за родовите прашања[62].

Покрај тоа, регулаторните тела, граѓанските организации и медиумите мора активно да ја промовираат родовата еднаквост и да ја подобрат медиумската писменост, бидејќи тоа се клучни чекори кон поинклузивна и правична медиумска средина. Во согласност со ова, регулаторот веќе соработува со граѓански организации и медиуми, фокусирајќи се на промовирање на медиумската писменост и адресирање на теми за човековите права, вклучително и родова еднаквост и почитување на правата на лицата со попреченост од страна на радиодифузерите[63].

62 Мицевски, И. 2019. Родот во медиумите 2019: Анализа на родовите аспекти во програмите за деца на националните терестријални телевизии. Достапно на: https://resis.mk/attach/rodot-vo-mediumite-2020.pdf

63 European Commission, 2023. North Macedonia 2023 Report. Достапно на: https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2023-11/SWD_2023_693%20North%20Macedonia%20report.pdf Пристапено на 04.11.2023.



# Наоди од интервјуата и фокус – групата

## предизвици, празнини и можности за подобрување на медиумскиот интегритет

### Медиумски интегритет – што подразбира тоа?

Засегнатите страни го дефинираат медиумскиот интегритет како повеќеслоен концепт, од примарно значење за демократијата во општеството. Медиумскиот интегритет не ја опфаќа само независноста на медиумите во однос на слободата на изразување, туку и нивната економска одржливост и транспарентност. Интегритетот е од суштинско значење за стекнување на довербата на јавноста и исполнување на улогата на медиумите во општеството, но честопати е поткопан од економската, политичката и институционалната корупција.

Интервјуираните учесници во анализата нагласуваат дека медиумскиот интегритет подразбира да се служи на јавниот интерес, но и да постои отпор кон непотребните влијанија како политички притисоци, клиентелизам и економска моќ. „*Не се работи само за точно и правично известување, туку и за културата што ја негува еден медиумски ентитет, неговата деловна комуникација и транспарентноста за сопственичките и уредувачките процеси*“.

Силната и самоодржлива медиумска индустрија се смета за суштинска во однос на постигнувањето медиумски интегритет. Сепак, засегнатите страни забележуваат дека во моментов во државата недостига ваква робустна индустрија. „*Интегритетот на медиумите зависи и од свесноста и делувањето на редакциите и на раководните структури. Ова ја опфаќа посветеноста да се биде кредибилен, професионален и непристрасен*“.

На економските предизвици, како што се ниските плати и лошиот социоекономски статус на медиумските професионалци се гледа како на значителна закана за интегритетот во медиумите. “*Овие состојби честопати доведуваат до ранливост на различни притисоци, загрозувајќи го новинарскиот интегритет. Оваа ситуација дополнително се влошува поради недостигот на финансиска независност од државните органи*“.

Засегнатите страни, исто така, ја нагласуваат важноста на улогата на медиумите во одбраната на јавниот интерес и застапувањето за јавното добро. „*Интегритетот нераскинливо го поврзувам со два други поими, а тоа се идентитет и имунитет на медиумите. И тие се поврзани меѓусебно. Ако некој медиум не создаде идентитет тешко дека ќе одржи или ќе создаде интегритет. Кога ќе ги споиш заедно тоа е добар темел за создавање имунитет којшто е многу неопходен, познавајќи ги околностите во државата*“.

Клучно во обезбедувањето новинарска слобода и објективност, според соговорниците, е создавањето посебен медиумски идентитет и одвојувањето на раководните структури од новинарските и програмските аспекти. Ваквата поделба ќе гарантира дека медиумите можат да функционираат ефикасно без влијание од политички или бизнис центри.

Накратко, засегнатите страни гледаат на медиумскиот интегритет како на сложен феномен кој бара рамнотежа на независност, професионалност, објективност и транспарентност. Оваа рамнотежа е од клучно значење за медиумите ефективно да му служат на јавниот интерес и да придонесат за здраво демократско општество.

## Медиумскиот интегритет во државата е силно погоден

Во дискусиите за состојбата околу медиумскиот интегритет во државата, засегнатите страни укажуваат на еден шаренолик пејсаж обележан со комплексности и предизвици. Според оценките, повеќе фактори значително влијаат врз медиумскиот интегрирет и целокупното „здравје“ на медиумската индустрија. *„Сегашната состојба со медиумскиот интегритет во државата е лоша и е последица на тридецениско отсуство на голем дел од вредностите што треба да го карактеризираат. Иако во последниве години има одредени промени, истовремено може да се зборува и за влошување, затоа што ветените, а неостварени, реформи во медиумскиот систем во суштина предизвикуваат назадување или генерираат ретроградни процеси“. „Ние сме општество, за жал, во коешто медиумите немаат интегритет, со исклучоци. Тоа е затоа што има појави кои се провлекуваат низ годините и остануваат, фасадата ни е малку поразлична. Точно е дека РСМ напредува на медиумските листи за слобода на изразување, но*

*клиентелизмот не е искоренет, постоел и ќе постои, тоа е начин на функционирање во медиумите*".

Едно критично прашање во однос на медиумскиот интегритет се нејасните линии меѓу сопственоста на медиумите и уредувачката политика. Ваквото мешање на улоги води кон загриженост во однос на манипулација со содржината, при што некои новинари се перципираат како да им служат на центрите на моќ, а не на јавниот интерес. *„Политичките влијанија и влијанијата на сопствениците, заедно со економските ограничувања, доведоа до намалување на довербата и следењето на медиумите*". *„Притиснати од политичките и бизнис интересите, значителен дел од редакциите само пренесуваат информации без критичка анализа или контекст, не успевајќи да го заштитат јавниот интерес*".

Нарушениот медиумски интегритет се поврзува и со влошениот социо-економски статус на новинарите и медиумските работници.

И други фактори го оневозможуваат или претставуваат дополнителни предизвици за медиумскиот интегритет во денешно време. *„Тука, пред сè, би ги истакнал тектонските промени во медиумската индустрија што ги донесе масовната употреба на интернетот и експлозијата на социјалните мрежи, кои ја преземаа улогата на „посредник" во пренесувањето на информациите до публиката*". *„Медиумската индустрија истовремено е нападната од индустријата на производство на дезинформации за која зборуваат и Репортери без граници во својот последен Индекс. Медиумскиот простор е бомбардиран со „алтернативни вистини" кои создаваат конфронтација и поларизација, што резултира во апатија кај голем дел од политички неопределената публиката и бегство од медиумите, што се покажува веќе неколку години според истражувањата на Ројтерс институтот при Универзитетот во Оксфорд*". *„Во извештајот на Прибе имаше јасна дијагноза*

*за целиот медиумски сектор со аномалии што попречуваат општеството да се развива во демократски правец. Тогаш беше окупиран од партијата на власт преку механизмите за државно рекламирање и на различни други начини, редакциите беа, буквално, задушени. Се ослободи секторот од тоа влијание, но не се решија некои системски аномалии, а најмногу се однесуваат на социо-економскиот статус на новинарите*".

## Расчленување на предизвиците во однос на интегритетот во медиумите

Како што веќе споменавме, бројни фактори придонесуваат за предизвиците околу медиумскиот интегритет. Сите соговорници се согласуваат дека економските потешкотии се силен фактор. Притоа многу медиумски субјекти се потпираат на стратегии за остварување брзи приходи кои ги компромитираат новинарските стандарди.

Оваа економска нестабилност честопати води до мешање на сопственоста на медиумите и уредувачката контрола, при што сопствениците влијаат врз содржината заради политички, лични или комерцијални придобивки. Ваквата концентрација на медиумска сопственост ја загрозува медиумската различност и плурализам.

Новинарите се соочуваат со притисоци од сопствениците и бизнис интересите, што доведува до самоцензура и избегнување на теми кои можат да ги навредат моќните субјекти. „*Овој феномен доведе до промени во медиумските содржини, при што псевдонастаните со маркетиншки или ПР трикови честопати ги заменуваат вистинските вести, кршејќи ги новинарските кодекси*".

Испреплетените улоги на директор и главен уредник во многу медиуми дополнително ги замаглуваат границите меѓу деловните интереси и уредувачката независност. Оваа конвергенција на улогите го компромитира интегритетот

на новинарската содржина, при што уредниците честопати попуштаат на менаџерските или сопственичките притисоци.

Зависноста од политичко финансирање ја нагризува економската независност на медиумите, влијаејќи на уредувачките политики и дозволувајќи им на политичките субјекти директно да влијаат на медиумските наративи.

Згора на тоа, порастот на дезинформации, засилен со сеприсутната употреба на социјалните медиуми, лошо влијае врз традиционалните новинарски практики. Ваквиот амбиент им ја отежнува работата на професионалните медиуми за да го задржат интегритетот во услови на ширење на алтернативни вистини и сензационализам.

Ситуацијата дополнително се влошува и поради малиот пазар, а големиот број медиуми, што доведува до „продажба на интегритетот“ на политичките и деловните елити. Македонскиот медиумски пазар е презаситен од самите почетоци на неговиот развој во првата половина на 1990-те години. Обиди за регулаторно консолидирање на пазарот и негово сведување на број на играчи што тој може да ги издржи, истовремено обезбедувајќи и повисок квалитет на програмската понуда и содржините што им се нудат на гледачите немаше. Од самиот почеток беше усвоена политиката дека за тоа ќе се погрижи саморегулаторната „рака на пазарот“ и дека оние што нема да можат да ја издржат конкурентската борба, брзо ќе затворат и ќе исчезнат[64].

Политичкото рекламирање со неколку милиони евра при секој изборен циклус дополнително ги зацврстува клиентелистичките односи, не само со владејачката партија, туку и со опозициските партии. Финансиската независност од владата и центрите на моќ е фундаментална за одржување на медиумскиот интегритет, концепт кој во моментов е загрозен поради блокираните

64 Центар за развој на медиуми, 2020. Како до консолидација на пазарот на аудиовизуелни медиумски услуги. Достапно на: https://mdc.org.mk/kako-do-konsolidacija-na-pazarot-na-audiovizuelni-mediumski-uslugi

реформи во медиумите и повторното воведување на државното рекламирање. Според предложените измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, 0,1 процент од реализираните приходите во државниот буџет за минатата година ќе одат за финансирањето на државни кампањи, а за што ќе решава комисија составена од претставници на политичките партии, по тројца и од власта и од опозицијата[65]. Ова е во согласност со законското решение доставено во Собранието.

Новинарите во редакциите честопати се чувствуваат несигурни во однос на својот статус, што влијае врз чувството на независност и професионализам. Самоцензурата ја ограничува нивната слобода и независното известување. Стравот од напади, притисоци и закани влијае врз квалитетот на известувањето, а предизвикуваат и недоверба во новинарството како професија и медиумската работа, воопшто[66].

Недостигот на соодветно обучени новинари и владината стратегија за производство на сопствени медиумски содржини кои им ги доставуваат на медиумите дополнително ја разводнува суштината на независното новинарство.

Накратко, предизвиците околу медиумскиот интегритет во Северна Македонија, според учесниците во истражувањето, се длабоко вкоренети во економските, политичките и социјалните фактори. Овие предизвици се манифестираат во различни форми, од мешање во сопственоста, преку финансиска зависност, до политички притисоци и ширење на дезинформации.

65 Стојанчова, П. (2023) 'Сложни партии владини реклами враќаат', Слободна Европа. Достапно на: https://www.slobodnaevropa.mk/a/slozhni-partii-vladini-reklami-vrakjaat/32687388.html Пристапено на 16.11.2023

66 Тунева, М., Сандев, Л. 2022. Безбедност на новинарските и медиумските работници: реалност или континуирана закана. Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/03/MK_Bezbednost-na-novinarite-i-mediumskite-rabotnici-130322.pdf Пристапено на 14.11.2023.



## Онлајн медиумите во транзиција: регулаторни предизвици и градење на интегритетот

Клучно прашање во рамките на онлајн-медиумскиот сектор, според соговорниците, е недостигот на транспарентност во однос на сопственичките структури и методите на финансирање. Ова не само што поттикнува недоверба кај публиката, туку и го поткопува интегритетот на медиумите.

Правната рамка се смета за застарена, несразмерно фаворизирајќи ги традиционалните медиуми. Сегашните медиумски закони се сметаат за несоодветни за справување со специфичностите и предизвиците на онлајн медиумите. Оттука, Здружението за онлајн медиумите предлага итни измени на Законот за медиуми со кои се бара експлицитно вклучување на онлајн медиумите во дефиницијата за медиуми.

Во процесот на усогласување на законодавството се очекува рамнотежа меѓу потребата за регулаторен надзор и зачувување на новинарската слобода и изразување во онлајн просторот. „*Треба да се сфати дека без силна медиумска индустрија, во која предничат и допрва ќе предничат онлајн медиумите, нема медиуми со интегритет и не постои новинарство отпорно на притисоци, цензура, клиентилизам и компромитации. Државата нема да успее да ги спаси т.н. традиционални медиуми на тој начин што ќе им дава пари за покривање на нивните загуби и особено на неспособноста на медиумските сопственици да се реформираат и да се приспособат на предизвиците на пазарот. Печатот треба да пронајде свој т.н. ниш-маркет и да се прилагоди на него, додека телевизиите мора да се насочат кон развој на видео-продукции, за кои ќе обезбедат легитимна финансиска поддршка од моќни економски субјекти. Тоа се трендовите во регионот, но и пошироко во Европа*“.

## Улогата на медиумите во поттикнувањето на инклузијата и застапеноста во Северна Македонија

Во различното општествено ткиво на Северна Македонија, во коешто коегзистираат различни етнички и културни групи, медиумите играат клучна улога во промовирањето на разбирањето, толеранцијата и социјалната инклузивност. Медиумскиот интегритет, во овој контекст, ја опфаќа одговорноста за правично и точно претставување на сите сегменти на општеството.

Соговорниците сметаат дека медиумите, особено јавниот сервис, имаат клучна улога во афирмацијата на различностите во општеството, но и во обликувањето на јавната перцепција за родовата еднаквост. Во Стратегијата за родова еднаквост 2022 – 2027 година[67], исто така се поставуваат приоритети за

67 Министерство за труд и социјална политика. Стратегија за родова еднаквост 2022 – 2027 година. достапно на: https://bit.ly/3NqNsjE

медиумите. Се укажува на потребата за промовирање на родовата еднаквост преку претставување позитивни примери, почесто ангажирање жени како соговорнички во дебатните и во другите програми со гости, како и поголема застапеност на содржини што обработуваат теми за родова еднаквост, односно вклучување на родовиот аспект во најголемиот број теми што се обработуваат во медиумите.

Одговорноста на медиумите подразбира надминување на стереотипите, промовирање на основните човекови права и подигнување на свеста за прашањата за родовата еднаквост, инклузијата на лицата со попреченост, значењето на интеркултурните комуникации, итн. Пристапот на медиумите кон овие прашања може значително да влијае на општествените ставови и однесувања.

Редовното и точно покривање на овие теми е од суштинско значење за создавање поинклузивно општество. За да се обезбеди исполнување на јавниот интерес, императив е да се интегрира инклузивноста во медиумските политики и практики. Оваа интеграција, според соговорниците, вклучува не само решавање на застапеноста во медиумските содржини, туку и промовирање на различноста во рамките на медиумската работна сила. Со тоа, медиумите можат да играат клучна улога во премостувањето на општествените поделби, поттикнување на меѓусебното разбирање и промовирање на поинклузивен јавен дискурс во државата.

## Улогата на медиумите во борбата против корупцијата: предизвици и одговорности

Интервјуираните соговорници истакнуваат дека медиумскиот интегритет во најголема мера е поврзан со отпор кон корупцијата. „***Етиката и корупцијата не се со знак на еднаквост***“. Примарната обврска на медиумите треба да биде разоткривање на

злоупотребите на моќта, злоупотребата на јавните средства и клиентелистичките односи, што е камен-темелник на функционалните правни системи. „*Имаме голем проблем со тоа што голем дел од медиумите не си ја изградија улогата во борбата против корупцијата и не зборуваат во јавен интерес, одмолчуваат, не коментираат, се држат на страна*“.

Добивањето средства од државата за рекламирање претставува значителен предизвик во однос на медиумскиот интегритет. „*Со предлог - законот во Собрание со кој се предлага сите приватни медиуми да добиваат пари се воведува системска корупција. Кај и да е ќе го стават Законот на гласање. Нема интегритет кога од јавни пари се финансираат толку многу приватни медиуми за да се рекламираат институциите. Нема простор за новинарство, професионалност и интегритет*“.

За справување со корупцијата во медиумите, според дел од соговорниците, важни се внатрешните практики во редакциите. Внатрешната јасност на работните принципи и посветеноста за борба против корупцијата во медиумските организации се од витално значење. Ова вклучува воспоставување канали за известување и заштита на укажувачите. „*Едно од можните решенија за подобрување на медиумскиот интегритет е воспоставување внатрешни контакт - точки во медиумските организации. Тие ќе дејствуваат како можности за граѓаните да пријават етички прашања или проблеми поврзани со функционирањето на медиумите, со што ќе се поттикне двонасочна комуникација и ангажирање на публиката*“. „*Не можеш да зборуваш за корупција надвор ако не си доволно транспарентен за тоа што ти се случува во редакцијата. Од една страна го штитиш јавниот интерес, а немаш храброст за транспарентност во однос на сопственоста, платите...*“.

*„Дополнително, самото регулаторно тело треба да биде подостапно за граѓаните, овозможувајќи им да пријавуваат сомневања за корупција во медиумите. Ваквите механизми ќе ја заштитат анонимноста на подносителите на жалбите и потенцијално ќе ја подобрат довербата на јавноста во медиумите*“.

Истражувачкото новинарство, особено од онлајн платформите и медиумите формирани од граѓаните, игра клучна улога во борбата против корупцијата. „*Ефективноста на медиумите во борбата против корупцијата е тесно поврзана и со функционирањето на судските системи. Без правни последици за откриената корупција, напорите на медиумите ризикуваат да станат залудни*“.

Потенцијалот на медиумите како алатка во борбата против корупцијата зависи од нивниот сопствен интегритет. Доколку медиумскиот систем не успее да обезбеди рамка за медиумски интегритет, медиумите ризикуваат да станат не само жртва, туку и да ја овековечат корупцијата во сопствените редови.

# Заклучоци

Истражувањето на состојбите околу медиумскиот интегритет во државата открива комплексен мозаик на предизвици. Централно место во овие предизвици е испреплетеноста на медиумската сопственост со уредништвото во редакциите. Тоа предизвикува сериозна загриженост околу новинарската независност, поради што произлегува потребата од поставување јасна дистинкција меѓу сопственоста и уредувачката контрола заради интегритет во известувањето.

Што се однесува до економската состојба, зависноста на медиумите од политичкото и државно рекламирање честопати ја компромитира уредувачката независност, нагласувајќи ја критичната потреба за финансиска стабилност што нема да ја поткопува слободата на медиумите. Постигнувањето на оваа рамнотежа е од витално значење за одржување на медиумско опкружување кое ќе биде доследно принципите на непристрасност.

Се потврдува дека важно е и зајакнувањето на регулаторната рамка (таканаречена “мека регулација“) за онлајн медиумите, обезбедувајќи јасна транспарентност и одговорност. Исто така, важно е да се развива и саморегулаторната рамка како основа за унапредување на етичките и професионалните стандарди во сите медиумски сектори.

Важна димензија на медиумскиот интегритет е инклузивноста и различноста, особено во однос на родовата застапеност. Одговорноста на медиумите се протега надвор од едноставното известување; потребно е да се отсликаат различните гласови и искуства во општеството. Ова значи правична и објективна застапеност на родот и различните заедници во медиумските содржини, надминување на

стереотипите и промовирање на основните човекови права. Интегрирањето на родовата еднаквост во медиумските политики и практики не е само прашање на етичко новинарство, туку и суштинско за поттикнување на поинклузивен и побалансиран јавен дискурс.

Понатаму, подобрувањето на социо-економскиот статус на новинарите и градењето на нивните капацитети е од суштинско значење за одржување на високи новинарски стандарди и етика. Подобрувањето на работните услови и обезбедувањето континуиран професионален развој се од клучно значење за негување медиумска средина во којашто се вреднува интегритетот, инклузивноста и етичкото известување.

Саморегулаторните тела, во соработка со медиумските и со граѓанските организации, треба да ја промовираат улогата на саморегулацијата и постоењето на саморегулаторните механизми, преку информативни кампањи, обуки, едукација и други настани и активности за кревање на јавната свест меѓу различни сегменти од јавноста. Покрај регулаторните подобрувања, постои итна потреба од подобрување на медиумската писменост. Едукацијата на јавноста за тоа како да прави разлика меѓу веродостојните информации и невистините е од суштинско значење за градење на поинформирана публика.

Накратко, патот кон зајакнување на медиумскиот интегритет во Северна Македонија вклучува директно справување со овие повеќестрани предизвици. Со фокусирање на овие критични области, медиумскиот амбиент ќе еволуира во простор којшто нема само да е независен и транспарентен, туку и ќе ја одразува разноликоста на општеството и ќе биде посветен на почитување на принципите на демократијата и јавната благосостојба.



# Патот кон медиумскиот интегритет

## препораки

Во овој дел од документот ги синтетизираме добиените сознанија од анализата во целина на препораки коишто се формулирани на начин да бидат применливи во различни аспекти на медиумскиот сектор.

Секоја препорака претставува и повик за акција, односно покана до сите засегнати страни да ја одиграат својата улога во зајакнувањето на медиумскиот интегритет.

## Унапредување на медиумскиот интегритет: иницијативи за независност и усогласеност со европските стандарди

- Формирање фонд за поддршка на медиумите (фонд за истражувачко новинарство) врз основа на објективни критериуми, обезбедувајќи независност и усогласување со европските стандарди. Овој фонд треба да поддржува новинарство од јавен интерес, независно од влијанието на различни центри на моќ.
- Обезбедување стабилно финансирање на јавниот радиодифузен сервис.
- Ревидирање на правилата за концентрација на сопственоста за да се подобри медиумскиот плурализам и уредувачката независност.
- Усогласување на формите на државна поддршка за медиумите со европската регулатива и одредбите во Актот за слобода на медиумите предложен од Европската комисија.
- Преземање чекори за развој на медиуми на заедницата и афирмирање на непрофитниот медиумски сектор.
- Враќање на законските гаранции за независен избор на главни уредници и директори на редакциите во Законот за медиуми.
- Усвојување внатрешни акти во медиумите со коишто ќе се обезбеди одвојување на редакциите од сопственичките и раководните влијанија.
- Во согласност со Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот а интереси[68], да се воспостави законска обврска институциите од јавниот сектор и единиците на локалната самоуправа јавно да ги објавуваат склучените

68 Државна комисија за спречување на корупцијата, 2021. Национална стратегија на Државната комисија за спречување на корупцијата. Достапно на: https://dksk.mk/wp-content/uploads/2021/01/Nacionalna-strategija-DKSK-KONECNA.pdf

договори од кој било вид со сите медиуми и да се зајакнат критериумите за доделување државна помош за печатените медиуми.

## Етички, образовни и структурни реформи за одговорно новинарство

- Креирање и спроведување внатрешни механизми за решавање на етичките прашања и оперативните проблеми, олеснувајќи го учеството на јавноста во набљудувањето на работата на медиумите.
- Обезбедување континуирана едукација за медиумските професионалци за да бидат во чекор со напредокот во индустријата, фокусирајќи се на продукција на разновидни и инклузивни содржини.
- Развивање и одржување на внатрешни механизми за решавање на етичките дилеми и оперативните предизвици во самите редакции.
- Воспоставување механизам во самите редакции за справување со поплаките на публиката.
- Спојување меѓу медиумите заради координирано дејствување во име на јавниот интерес преку заеднички проекти и активности.
- Активно ангажирање на раководството на медиумите во запознавањето со најновите регултиви и практики во однос на развојот на индустријата. Во оваа насока, се препорачува редовна и поактивна соработка со медиумскиот регулатор, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и со професионалните медиумски и новинарски организации и здруженија.
- Вклучување на редакциите во подобрување на медиумската писменост кај граѓаните со што ќе им се овозможи да прават јасна дистинкција меѓу кредибилните новинарски содржини и дезинформациите.

- Промовирање на родова еднаквост во програмите и содржините и поголема застапеност на жени на раководни позиции во медиумите.
- Воспоставување и одржување рамка за соработка меѓу научните институции, медиумските организации и здруженија и медиумите за зајакнување на медиумскиот интегритет. Ваквата соработка може да вклучи и заеднички работилници, програми за обука и креирање ресурси, при што и самите медиумски професионалци би можеле да се едуцираат за научните принципи, толкување на податоци и критичка анализа на научни информации. Ваквите иницијативи би им овозможиле на новинарите поефективно да известуваат за сложени научни теми на разбирлив и одговорен начин.
- Саморегулаторните тела, во соработка со медиумските и со граѓанските организации, континуирано да ја промовираат улогата на саморегулацијата и постоењето на саморегулаторните механизми, преку информативни кампањи, обуки, едукација и други настани.

## Подобрување на социо-економските услови и правната рамка

- Промени на постојната медиумска легислатива со цел да се обезбеди посебна заштита на социјалните и работничките права на новинарите и медиумските работници. Легислативата треба да биде усогласена со одредбите на Регулативата за слобода на медиумите на ЕУ, препораките на ЕК бр.6650 од 2021 и бр.1634

од 2022 година, како и со Повелбата за работнички права на Европската федерација на новинари[69].

- Медиумите задолжително треба да имаат внатрешни акти со кои се регулираат односите меѓу сопствениците, менаџментот и новинарите. Новинарите и медиумските работници треба да имаат договори за работа во кои им се гарантираат сите права од работен однос[70].

- Од исклучително значење е поддршката на синдикалното организирање на новинарите и медиумските работници и за склучување колективни договори. Препорачливо е да се следи примерот на некои европски земји (Данска), каде во колективните договори се обезбедува заштита на работничките права и на хонорарно ангажираните новинари и медиумски работници.[71]

69 Ова е еден од заклучоците од работилницата за медиумски реформи одржана во октомври, 2023 година, како дел од Втората фаза на проектот “ЕУ за слободата на изразување: усогласување на националното законодавство за медиуми со правото на ЕУ и европските медиумски стандарди

70 Ibid

71 Ibid



# БИБЛИОГРАФИЈА

## Книги и поглавја


Esch, V. and Palm, V., 2021. Media Freedom in the Western Balkans. Aspen Institute Germany. Достапно на: https://www.aspeninstitute.de/wp-content/uploads/2021_Aspen-Germany_Media-Freedom-in-the-Western-Balkans.pdf

Nehring, C. (ed.) 2023. Blurring the Truth: Disinformation in South East Europe. [online] Достапно на: https://www.kas.de/documents/281902/281951/E-book+Blurring+the+Truth.pdf/fd6abbb3-f49e-115b-090e-7c9f3a20dfc6?version=1.2&t=1680504776349

Petkovic, B. (2014). ***Media Integrity Matters - Reclaiming Public Service Values in Media and Journalism***. [online] Peace Institute Ljubljana. Достапно на:  https://seenpm.org/media-integrity-matters-book-of-the-see-media-observatory/

Stojanovski, F. (ed.) 2022. Research: The Effects of Disinformation and Foreign Influences on the Democratic Processes in North Macedonia. Skopje: Metamorphosis Foundation. Достапно на: https://metamorphosis.org.mk/wp-content/themes/metamorphosis/download.php?id=34783

S. Trpevska & I. Micevski, Media Sector Hotspots in North Macedonia: Decisive Reforms Long Overdue, ASPEN Institute Germany, December 2021, p.32. Available at: https://www.aspeninstitute.de/wp-content/uploads/2021_Aspen-Germany_Media-Freedom-in-the-Western-Balkans.pdf

Здружение на новинарите на Македонија, 2023. ***Слободата на медиумите во Северна Македонија: напредок на стаклени нозе***. Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2023/10/EN-Fact-Finding-PFM-Report-251023-web.pdf

Мицевски, И. 2019. ***Родот во медиумите 2019: Анализа на родовите аспекти во програмите за деца на националните терестријални телевизии***. Достапно на: https://resis.mk/attach/rodot-vo-mediumite-2020.pdf

Никодиноска, В. 2020. Политичка и економска основа на медиумските и комуникациските модели што шират дезинформации и говор на омраза. Македонски институт за медиуми. Достапно на: https://bit.ly/3RB0TA5

РЕСИС, 2023. Медиумите на заедницата – алтернативен поттик на локалната плуралистичка демократија. Достапно на: https://resis.mk/images/abut-us/PDF/001com_media_policy_brief.pdf

Самостоен синдикат на новинарите и медиумските работници (ССНМ), Зошто новинарите бегаат од професија. [online] Достапно на: https://bit.ly/3l5aZWW

Тунева, М., Бошкова, Н., 2023. Етичко известување за родово – базираното насилство во Северна Македонија Res Publica. Достапно на: https://respublica.edu.mk/wp-content/uploads/2023/10/etichko-izvestuvanje-za-rodovo-baziranoto-nasilstvo-mk-1.pdf

Тунева, М., Никодиноска, В., 2023. Неопходно зајакнување на механизмите и унапредување на ефиктивноста: медиумска саморегулација во Северна Македонија. Македонски институт за медиуми

Тунева, М., Сандев, Л. 2022. Безбедност на новинарските и медиумските работници: реалност или континуирана закана. Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/03/MK_Bezbednost-na-novinarite-i-mediumskite-rabotnici-130322.pdf

Центар за развој на медиуми, 2020. Како до консолидација на пазарот на аудиовизуелни медиумски услуги. Достапно на: https://mdc.org.mk/kako-do-konsolidacija-na-pazarot-na-audiovizuelni-mediumski-uslugi

## Документи и извештаи

Centre for Media Pluralism and Media Freedom, 2023. Media Pluralism Monitor 2023. [online] European University Institute. Достапно на: https://cmpf.eui.eu/media-pluralism-monitor-2023/

Committee of Ministers of the Council of Europe, 1999. Recommendation No. R (99) 1 on Measures to Promote Media Pluralism. [online] Достапно на: https://rm.coe.int/16804fa377

Committee of Ministers of the Council of Europe, 2018. Recommendation CM/Rec(2018)1 on Media Pluralism and Transparency of Media Ownership. [online] Достапно на: https://www.coe.int/en/web/freedom-expression/committee-of-ministers-adopted-texts/-/asset_publisher/aDXmrol0vvsU/content/recommendation-cm-rec-2018-1-1-of-the-committee-of-ministers-to-member-states-on-media-pluralism-and-transparency-of-media-ownership

Council of Europe. Council of Europe Convention on Preventing and Combating Violence Against Women and Domestic Violence (Istanbul Convention). Достапно на: https://www.coe.int/en/web/istanbul-convention/text-of-the-convention

European Commission, 2022. ***North Macedonia Report 2022.*** [online] Достапно на: https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/document/download/48ba61f0-41ae-4cff-9517-29fac190f4bd_en?filename=North%20Macedonia%20Report%202022.pdf

European Commission, 2015. Итни реформски приоритети за поранешната југословенска Република Македонија (Urgent Reform Priorities for the Former Yugoslav Republic of Macedonia). Достапно на: https://eeas.europa.eu/sites/eeas/files/urgent_reform_priorities_mk.pdf

European Commission, 2023. North Macedonia 2023 Report. Достапно на: https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2023-11/SWD_2023_693%20North%20Macedonia%20report.pdf

European Commission, Directorate-General for Neighbourhood and Enlargement Negotiations, 2023. MK Cluster 1 Draft Screening Report. Достапно на: https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2023-07/MK%20Cluster_1%20Draft%20screening%20report_external%20version.pdf

European Parliament, 2023. European Media Freedom Act. Достапно на: https://www.europarl.europa.eu/doceo/document/TA-9-2023-0336_EN.pdf

European Union, 2022. Commission Recommendation of 14.9.2022 on the protection, safety and empowerment of journalists and other media professionals (2022/C 346/01). ***EUR-Lex***. [online] Достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A32022H1634

Freedom House, 2023. North Macedonia: Nations in Transit 2023. Достапно на: https://freedomhouse.org/country/north-macedonia/nations-transit/2023

Freedom House, 2022. North Macedonia: Freedom in the World 2022 Report. Достапно на: https://freedomhouse.org/country/north-macedonia/freedom-world/2022

International Press Institute, 2023. Policy Paper: Support for Public Interest Journalism in North Macedonia. [online] Достапно на: https://ipi.media/policy-paper-support-for-public-interest-journalism-in-north-macedonia/

Parliamentary Assembly of the Council of Europe, 2008. Resolution 1636 (2008) Достапно на: https://assembly.coe.int/nw/xml/xref/xref-xml2html-en.asp?fileid=17684&lang=en

Reporters Without Borders (RSF), North Macedonia. Достапно на: https://rsf.org/en/country/north-macedonia

Reporters Without Borders (RSF), North Macedonia. [online] Достапно на: https://rsf.org/en/country/north-macedonia

UNESCO, 2017. Providing Public Funding for Community Broadcasting. Community Media Sustainability Policy Series, 5. [online] Достапно на: https://en.unesco.org/sites/default/files/unesco_cmedia_sustainability_policy_5_public_funding.pdf

Државна комисија за спречување на корупцијата, 2021. Национална стратегија на Државната комисија за спречување на корупцијата. Достапно на: https://dksk.mk/wp-content/uploads/2021/01/Nacionalna-strategija-DKSK-KONECNA.pdf

Здружение на новинари на Македонија, 2023. Fact-Finding PFM Report. Достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2023/10/EN-Fact-Finding-PFM-Report-251023-web.pdf

Министерство за труд и социјална политика. Стратегија за родова еднаквост 2022 – 2027 година. достапно на: https://bit.ly/3NqNsjE

Совет за етика во медиумите, Насоки за етичко известување на онлајн медиумите. Достапно на: https://semm.mk/dokumenti/korisni-resursi/kodeks/850-nasoki-za-etichko-izvestuvanje-na-onlajn-mediumite

## Написи

European Federation of Journalists (EFJ), 2019. North Macedonia: EFJ welcomes initiative aiming to strengthen self-regulation. [online] 19 December 2019. Достапно на: https://europeanjournalists.org/blog/2019/12/19/north-macedonia-efj-welcomes-initiative-aiming-to-strengthen-self-regulation/

Александар Атанасов, 2021. ММА: Владата да подготви предлог измена на членот 102 од Законот за медиуми и да го достави до Собранието. ***Медиумска информативна агенција***. [online] http://bit.ly/41eidhE

A1On, 2023. Здружение Онлајмедиа: Да се укине ограничувањето за изборно финансирање на интернет порталите. 9 ноември 2023. Достапно на: https://a1on.mk/macedonia/zdruzhenie-onlajnmedia-da-se-ukine-ogranichuvanjeto-za-izborno-finansiranje-na-internet-portalite/

Василевска, М.  2023. Д-р Трпевска: Новиот акт на ЕУ треба да ги уреди и односите меѓу медиумите и дигиталните платформи и социјални мрежи кои си ја презедоа улогата на гејткипери, 18 февруари, 2023, достапно на: https://racin.mk/intervju/d-r-trpevska-noviot-akt-na-eu-treba-da-gi-uredi-i-odnosite-megu-mediumite-i-digitalnite-platformi-i-soczijalni-mrezhi-koi-si-ja-prezedoa-ulogata-na-gejtkiperi/

Настоски, Ж. 2023. Државните реклами во медиумите носат директна и непоправлива штета. Samoprasaj.mk. [online] Достапно на: https://samoprasaj.mk/naacik/drzavnite-reklami-vo-mediumite-nosat-direktna-i-nepopravliva-steta/ Пристапено на 24.11.202.

Стојанчова, П., 2023. Сложни партии владини реклами враќаат. Радио Слободна Европа, [online] 16 ноември 2023. Достапно на: https://www.slobodnaevropa.mk/a/slozhni-partii-vladini-reklami-vrakjaat/32687388.html Пристапено на 08.10.2023

Водичот за интегритет на медиумите во Северна Македонија е изработен во рамки на проектот „Прескокни ја лажната информација“, кој го имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) со финансиска поддршка на Данска, Луксембург, Република Кореја и Шведска, во рамки на програмата UNDP Funding Windows.

Оваа активност од проектот се спроведува во партнерство со Државната комисија за спречување на корупцијата.